совет за етика во
медиумите на македонија

26.10.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Марина Јаневска за фотографиите со наслов "Марјана Станојковска си ја замива дунд**а под туш", објавени на 31.08.2016 година, на Интернет порталот Доказ (www.dokaz.mk)**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 15.

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 01.09.2016 година, Марина Јаневска поднесе жалба за содржината со наслов "Марјана Станојковска си ја замива дунд**а под туш", објавени на 31.08.2016 година, на Интернет порталот Доказ (www.dokaz.mk).

Во жалбата се наведува дека насловот претставува недолично изразување.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Доказ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Оттаму, Извршната канцеларија на СЕММ не доби конкретен одговор во однос на претставката, објаснувајќи дека сега станува збор за Доказм.мк и беше упатена на фирмата која што е сопственик на Доказ.мк. Од Доказ.мк, пак, бевме информирани дека порталот Доказ.мк е креиран на 01.09.2014 година, а деактивиран на 01.09.2016 година. Со оглед на тоа што станува збор за содржина која што е објавена на 31.08.2016, од фирмата сметаат дека одговорноста лежи кај тогашните администратори на Доказ.мк. Инаку, лицето за контакт во име на фирмата во целост се согласува со констатацијата дека станува збор за содржина со недолично изразување.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 03.10.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Марина Јаневска, направи увид во наведената содржина и одговорите на посочените за одговорноста околу овој материјал. Комисијата заклучи дека на денот кога е објавена содржината, односно фотографиите, Интернет порталот Доказ.мк бил уредуван од

сегашниот уредник на порталот Доказм.мк. Според тоа, тој, во својство на тогашен уредник, ја сноси етичката одговорност за објавеното.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорната содржина со наслов "Марјана Станојковска си ја замива дунд**а под туш", објавена на 31.08.2016 година, на Интернет порталот Доказ (www.dokaz.mk), е прекршен член 15 од Кодексот на новинарите на Република Македонија, според кој новинарот мора да ги има предвид моралните стандарди на публиката на која и' се обраќа. Новинарот не треба да користи непримерни, вознамирувачки или порнографски содржини во својата работа.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Доказм (www.dokazm.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски